Општина Босилово

БР.10-2371/3
15.12.2023

Градоначалникот на општина Босилово,решавајки по барањето на ДПГИ ,,ВЕКТОР 90'' ДООЕЛ Струмица,поднесено под број 10-2371/1 од 08.11.2023 година,за одобрување на проектна програма,врз основа на член 44 од Законот за урбанистичко планирање(Сл.Весник на РМ бр.32/2020)го издава следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се одобрува Проектната програма со технички број 038-0707/2023 од ноември 2023 година,изработена од ДПГИ ,,ВЕКТОР 90'' ДООЕЛ Струмица,за изработка за **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела за градба со намена В2.9 - Ветеринарна станица на дел од КП 1218/2 КО Турново, општина Босилово.**

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Барателот,ДПГИ ,,ВЕКТОР 90'' ДООЕЛ Струмица,поднесе барање за одобрување на Проектната програма со технички број 038-0707/2023 од ноември 2023 година,изработена од ДПГИ ,,ВЕКТОР 90'' ДООЕЛ Струмица,за изработка за **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела за градба со намена В2.9 - Ветеринарна станица на дел од КП 1218/2 КО Турново, општина Босилово.**
Со барањето ја приложи следната документација и докази:

1.Проектна програма
2.Барање

Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на општина Босилово,со Решение бр.04-1646/1 од 15.07.2022 година,по проучувањето на приложената документација со барањето и извршениот увид,констатира дека барањето е основано и Проектната програма може да се одобри.Истото го потврди со Предлог одобрување со бр.10-2371/2 од 14.12.2023 година.

Градоначалникот на општина Босилово по извршениот увид на приложената документација со барањето и предлогот од Комисијата за урбанизам,констатира дека барањето е основано и се исполнети условите од Законот за урбанистичко планирање(Сл.Весник на РМ бр.32/2020).
Врз основа на тоа,а согласно членот 44 од Законот за урбанистичко планирање,донесе решение како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА

Против ова Решение,барателот може да изјави жалба,во рок од 15 дена од денот на приемот на одобрението до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот.

Изработил:З.Зимбаков

**ОПШТИНА БОСИЛОВО**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Ристо Манчев**